РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-2673/2
31.03 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 34 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта**

**1.** Се акредитира **Сојуз на математичари на Република Македонија** за организирање на натпревари на учениците од основните училишта по предметот математика.

**2.** Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Сојузот на математичарите на Република Македонија бр.11-2673/1 од 10.03.2014 година.

**3.** Акредитацијата од точка 1 на ова Решение е за период од три години.

**4.** Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

***Образложение***

Министерството за образование и наука објави Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта на кој Сојузот на математичари на Република Македонија поднесе барање за акредитација бр. 11-2673/1 од 10.03.2014 година. Согласно член 34 став (5) од Законот за основното образование, Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука 19-15112/1 од 25.12.2013 година, односно бр. 19-15112/2 од 27.01.2014 година, утврди дека Сојузот на математичари на Република Македонија ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта утврдени во член 34 став (7) од Законот за основното образование, ја достави потребната документација наведена во Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и го акредитира за период од три години согласно член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основно образование бр. 19-2252/1 од 05.03.2013 година.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

***За Комисијата,***
***Претседател***
***Маја Величковска***

Доставено до:
- Сојуз на математичари на Република Македонија
- Министерство за образование и наука
- Биро за развој на образованието
- архива